КОНЦЕРТ
ЗА
ПИЈАНО ЧЕТИРИРАЧНО

# МАРИЈА ЃОШЕВСКА
# И
# ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА

Програма:

П. И. Чајковски, К. Сен-Санс, Б. Илин

12 декември 2018, среда 19ч.
Организатор: Библиотека Велес

# ПРОГРАМА

П. И. Чајковски / Е. Лангер
суита „Оревокршачка"

- Увертира
- Марш
- Танцот на самовилата на бонбоните
- Руски танц - Трепак
- Арапски танц
- Кинески танц
- Танц на лилјаните
- Валцер на цвеќињата

К. Сен-Санс / Р. Беркович
„Карневал на животните"

- Вовед - Кралскиот марш на лавот
- Кокошки и петли
- Брзи, итри животни
- Желки
- Слон
- Кенгури
- Аквариум
- Персони со долги уши
- Кукавица во длабоките шуми
- Кафез
- Пијанисти
- Фосили
- Лебед
- Финале

Бете Илин:
„Македонска парафраза" бр.2

Елена Атанасовска - Ивановска и Марија Ѓошевска се вбројуваат меѓу најистакнатите пијанисти во Р. Македонија, кои успешно ја претставуваат и афирмираат нашата земја и надвор од нејзините граници. Нивната соработка започнува сосема наивно и ненаметливо уште во нижото музичко училиште преку концертот за две пијана на J. C. Бах BWV 1060, за да се круниса со настап со Македонската филхармонија каде ставовите од концертот на J. C. Бах во f-moll ги делат меѓусебно.

Многубројни се и полурециталите кои ги даваат во нижото и средното музичко училиште во Скопје и низ Р. Македонија. На Факултетот за музичка уметност во класата на проф. Борис Романов започнува нивното заедничко дружење преку музиката, каде постојано се придружуваат на сите клавирски концерти кои бараат пијано придружба.

Дуото официјално започнува да концертира на фестивалот „Златна Лира" 2009 година. Во нивниот репертоар за навистина краток период се најдоа речиси сите капитални дела од светската литература за две пијана.

За нив критиката има напишано:
„...Ѓошевска - Ивановска синоќа демонстрираа исклучителна исполнителска воедначеност која беше комбинирана со висока исполнителска техника, со силна експресивност без која Рахмањинов и не може да се замисли и исполнителска култура која ретко се гледа кај уметници што се на почетокот на својата кариера..."
Марко Коловски („Музика")